Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 мај 2023 година

Скопје, мај 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 мај 2023 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф.д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство како и Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, м-р Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и м-р Дрита Абдиу-Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваше и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р

Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија,.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**Пред преминување на Дневен ред**

**Усвојување на Записникот од 142-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 април 2023 година**

**Усвојување на Записникот од 145-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 април 2023 година**

**Усвојување на Записникот од 147-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 април 2023 година**

**Усвојување на Записникот од 148-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 април 2023 година**

**Усвојување на Записникот од 150-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 април 2023 година**

**Усвојување на Записникот од 151-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 мај 2023 година**

**Усвојување на Записникот од 153-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 мај 2023 година**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 16-Оданочување од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилози

- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 26 Образование и култура од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилози

1. Информација за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Северна Македонија, со План за доекипирање за периодот 2023-2024 година

2. Информација за потреба од обезбедување на банкарски гаранции за вториот Преддоговор за резервација на капацитет (ARCA) и првиот Договор за користење терминал (TUA)-проект закуп на капацитет во ЛНГ терминал Александрополис, со предлог-писма

3. Информација за усвојување на Националната стратегија за спречување насилен екстремизам (2023-2027) и Националната стратегија за борба против тероризмот (2023-2027), со акциски планови за нивна имплементација

4. Информација со Барање на согласност од Владата на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на ТИРЗ Гевгелија бр. 02-780/3 од 5 мај 2023 година и потребата од донесување на одлука за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на Технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.128/22)

5. Информација за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје со барање за финансиски средства за 2023 година, со Предлог-одлука

6. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2022 година, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга

8. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за давање на користење на недвижни ствари и Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Василево

9. Предлог фискална стратегија на Република Северна Македонија 2024-2028

10. Информација со Предлог основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2024-2028 година

11. Информација за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност

12. Информација по Барање за регулирање на долг бр.11-3238/1 од 15.2.2023 година, поднесено од Општина Македонски Брод

13. Информација за обезбедување дополнителни средства за реализација на проектот „Заеднички железнички граничен премин Табановце"

14. Предлог-програма за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2023 година.

15. Предлог-програма за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2023 година

16. Информација за организација на промотивни настани од областа на земјоделството во рамките на Отворен Балкан 2023 година

17. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Зоран Станојковиќ ул.4 бр.124, Ресен, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ангел Павлов ул. „Неретва" бр.3 Кавадарци, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с. Љуботен Штип, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба-локален патен правец-2 во село Дурачка Река, КО Станци, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на железничка пруга Крива Паланка-граница со Република Бугарија, км 64+942,01-км 88+364,653, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на водовод за населено место Опае-резервоар, КО Слупчане-вон град, Општина Липково, со Предлог-одлука

23. Информација за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино, со Предлог-решение

24. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип 3/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката

25. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Пекљани“, Општина Виница 4/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката

26. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Чардак“, с. Мали Влај, Општина Струга 2/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката

27. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-глина на локалитетот „Долна Краста-Русино“, Општина Гостивар, со Предлог-одлука

28. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Макпетрол, Струга, со Предлог-решение

29. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Империјал, Струга, со Предлог-решение

30. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Два бисера, Охрид, со Предлог-решение

31. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Амбасадор, Охрид, со Предлог-решение

32. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Тино, Охрид, со Предлог-решение

33. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Скај корнер 2, Охрид, со Предлог-решение

34. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Сити инн, Охрид, со Предлог-решение

35. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Бистра, Маврово, со Предлог-решение

36. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Спорт, Маврово, со Предлог-решение

37. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Смрча, Маврово, со Предлог-решение

38. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Магнолија ресорт, Поникла-Пробиштип, со Предлог-решение

39. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од Хотел Глориус, Велес, со Предлог-решение

40. Извештај од Првата седница на Мешовитата македонско-казахстанска комисија за трговско-економска соработка по Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Казахстан за трговско-економска соработка

41. Извештај од Четвртата седница на Мешовитата комисија по Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Унгарија

42. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

43. Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година

44. Информација за преземените активности поврзани со Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави

45. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Салим и други против Северна Македонија А.бр.25782/19, со Предлог-одлука

46. Информација за правосилност на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Елмазова и други против Северна Македонија А.бр.11811/20 и 13550/20, со Предлог-одлука

47. Информација за извршување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Елмазова и други против Северна Македонија А.бр.11811/20 и 13550/20

48. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Кузмановска и други против Северна Македонија А.бр.25967/18, со Предлог-одлука

49. Информација за усвојување на Национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија 2023-2025 година, со Национален план

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на Република Македонија, Скопје

51. Информација за одржаниот Осумнаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 28 април 2022 година

52. Информација за одржување на Деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 6 октомври 2022 година

53. Информација за платите на директорите во установите од областа на културата, со Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата

54. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за

производство, трговија и услуги Еуромедикус ДОО Кривогаштани, со Предлог-одлука

55. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

56. Известување од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.62/2021, за Налог за извршување врз недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.60582 и Имотен лист бр.60578, за КО Охрид 3

57. Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување, Записник за продажба на недвижност со усно јавно надавање (врз основа на член 186 став (4) од Законот за извршување) од 20.4.2023 година, со докази од извршител Методија Костадинов од Скопје, доставени под И.бр.41/18, врз основа на кои се нуди право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште кое се наоѓа на КП бр.147 дел-51 и КП бр.147 дел-45, КО Злокуќани, евидентирано во Имотен лист бр.6459

58. Кадровски прашања

59. Прашања и предлози

60. Информација за Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Талески против Северна Македонија А.бр.77796/17 и пет други апликации

61. Информација за тековен предмет пред Европскиот суд за човекови права Вера Иванова против Република Северна Македонија, А.бр.15313/19

62. Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2022 година

63. Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2022 година

64. Извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2022 година

65. Извештај за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати за период од 27 јули 2022 година до 27 јануари 2023 година

66. Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2022 година

67. Годишен извештај за работа на инспекциските служби за 2022 година

68. Прв збирен извештај за постапувањето по Законот за заштита од пушењето, за периодот септември-декември 2022 година

69. Извештај за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2022 година, со дополнување

70. Годишен извештај на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје за Фондот за развој за 2022 година, со дополнување

71. Годишен извештај за работењето на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје на Гарантниот фонд за 2022 година, со дополнување

72. Годишен извештај на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје за субвенционирање на камата по кредити дадени од деловните банки на компании кои ја реинвестираат добивката

73. Полугодишен извештај на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови и Ковид 2 кредитната линија, за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија) и за износот и бројот на одобрени кредити како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија)

74. Годишен извештај за работата на Геолошки завод на Република Северна Македонија за 2022 година

75. Годишен извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2022 година

76. Информација за нарушена безбедносна состојба на Казнено-поправната установа Идризово

77. Информација за подобрување на процесите, безбедноста, организацијата и состојбите во основните и средните училишта во Република Северна Македонија

78. Предлог-одлука за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Градиште“, Општина Струга

79. Предлог-програма за изменување на Програмата за инвестирање во животната средина за 2023 година

80. Информација за Иницијативата на Министерството за здравство за аплицирање за грант од Фондот за пандемии

81. Финална информација за произнесување на Владата на Република Северна Македонија за престанок на интерес да биде сосновач на мешовита установа-Приватна здравствена установа-Градска аптека 8 Март п.о. Делчево, со Предлог-одлука

82. Информација во врска со реализацијата на средствата предвидени во Буџетот на Министерството за култура за 2023 година, за капитални дотации до единици на локална самоуправа, со Предлог-програма

83. Барање за давање на автентично толкување на член 25 став (1) точка 10) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 151/21), поднесено од пратеникот Арбен Зибери

84. Предлог-одлука за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Краста“, с. Бороец, Општина Струга

85. Информација за потребата од донесување на Одлука за предавање на недвижност-земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост, со Предлог-одлука

86. Информација за Четвртиот самит на Советот на Европа, на 16 и 17 мај 2023 година во Рејкјавик, Исланд и пристапување на Република Северна Македонија кон Проширената парцијална спогодба за Регистар на штети предизвикани од агресијата на Руската Федерација врз Украина

87. Информација за постапките за запишување на гасоводниот систем во јавната книга за запишување на правата на недвижности

88. Информација за потребата од нов деловен простор по пат на долготраен закуп за непречено вршење на дејноста на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Северна Македонија, со дополнување

89. Информација за одбележување на Шеесеттата годишнина од катастрофалниот земјотрес во Скопје (26.7.1963-26.7.2023 година)

90. Информација во врска со потребата од ставање налепници со „НМК“ ознака на регистарските таблици

91. Информација за потребни финансиски средства за исплата на плата и обврски кон добавувачи за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за април, мај и јуни 2023 година

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 април 2023 година, Записникот од Сто четириесет и петтата седница, одржана на 7 април 2023 година, Записникот од Сто четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 април 2023 година, Записникот од Сто четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 април 2023 година, Записникот од Сто педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 април 2023 година, Записникот од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 мај 2023 година и Записникот од Сто педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 мај 2023 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

**Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

- **Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 16-Оданочување од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 16-Оданочување од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилози, ја усвои и го задолжи Секретаријатот за европски прашања, преку Постојаната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата до Европската комисија, најдоцна до 17.5.2023 година.

- **Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 26 Образование и култура од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 26 Образование и култура од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги утврди одговорите на Прашалникот добиен од Европската комисија.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги достави одговорите на прашалникот за Поглавје 26 Образование и култура од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст до Европската комисија на англиски јазик, преку Мисијата во Брисел најдоцна до 17 мај 2023 година.

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Северна Македонија, со План за доекипирање за периодот 2023-2024 година, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од обезбедување на банкарски гаранции за вториот Преддоговор за резервација на капацитет (ARCA) и првиот Договор за користење терминал (TUA)-проект закуп на капацитет во ЛНГ терминал Александрополис, со предлог-писма и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на Писмото за гарантирање на исполнување на обврските на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје по основ на банкарска гаранција за Преддоговор за резервација на капацитет (втора ARCA) во полза на АД Стопанска банка-Скопје и истото го достави до АД Стопанска банка-Скопје.

2. Го усвои текстот на Писмото за гарантирање на исполнување на обврските на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје по основ на банкарска

гаранција за Договор за користење на капацитет (прва ТУА) во полза на АД Стопанска банка-Скопје и истото го достави до АД Стопанска банка-Скопје.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Националната стратегија за спречување насилен екстремизам (2023-2027) и Националната стратегија за борба против тероризмот (2023-2027), со акциски планови за нивна имплементација и ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за усвојување на Национална стратегија за спречување насилен екстремизам (2023-2027) и Национална стратегија за борба против тероризмот (2023-2027), со акциски планови за нивна имплементација.

2. Ја усвои Националната стратегија за спречување насилен екстремизам (2023-2027) и го прифати Акцискиот план за имплементација.

3. Ја усвои Националната стратегија за борба против тероризмот (2023-2027) и го прифати Акцискиот план за имплементација.

4. Се задолжуваат носителите и учесниците во имплементацијата на акциските планови да ги преземат сите неопходни активности, согласно истите.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата со Барање на согласност од Владата на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на ТИРЗ Гевгелија бр. 02-780/3 од 5 мај 2023 година и потребата од донесување на одлука за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на Технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.128/22), ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на Технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за

проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на Технолошко-индустриска развојна зона Гевгелија.

3. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции и Министерството за економија веднаш да достават до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони номинација на две лица (член и заменик-член) за формирање на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

4. Се укажува на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во рок од 15 дена од денот на изготвувањето да ја достави тендерската документација до Владата.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје со барање за финансиски средства за 2023 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје.

Истовремено, се задолжува Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје остатокот од одобрените финансиски средства за 2022 година наместо да ги префрли во пренесено салдо за 2023 година, истите ги врати во Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2022 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2022 година.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга.

**Точка 8**

Владата ги донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на користење на недвижни ствари и Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Василево.

**Точка 9**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2024-2028, за наредната седница на Владата.

**Точка 10**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата со Предлог основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2024-2028 година, за наредната седница на Владата.

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за регулирање на долг бр.11-3238/1 од 15.2.2023 година, поднесено од Општина Македонски Брод и ја усвои со следниот заклучок:
-Се задолжува Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на долг со должникот Општина Македонски Брод, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 1.420.370,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народната банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на седум еднакви месечни рати почнувајќи од 1.5.2023 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување дополнителни средства за реализација на проектот „Заеднички железнички граничен премин Табановце“, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и врски за финансирање на заедничкиот железнички граничен премин Табановце, вклучително и придружниот пристапен пат, да достави барање до Европската банка за обнова и развој за заем во износ до 5.000.000 евра, како самостоен проект.

**Точка 14**

Владата ја донесе Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2023 година.

**Точка 15**

Владата ја донесе Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2023 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за организација на промотивни настани од областа на земјоделството во рамките на Отворен Балкан 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави Предлог-програма за изменување и/или дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година и Предлог-уредба за изменување и/или дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од десет дена да формира работна група заради организирање на промотивните настани од областа на земјоделството во рамките на Отворен Балкан 2023 година.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Зоран Станојковиќ ул.4 бр.124, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ангел Павлов ул. „Неретва“ бр.3 Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с.Љуботен Штип, со

Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба-локален патен правец-2 во село Дурачка Река, КО Станци, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба-локален патен правец-2 во село Дурачка Река, КО Станци, Општина Крива Паланка.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на железничка пруга Крива Паланка-граница со Република Бугарија, км 64+942,01-км 88+364,653, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на железничка пруга Крива Паланка-граница со Република Бугарија, км 64+942,01-км 88+364,653, Општина Крива Паланка.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на водовод за населено место Опае-резервоар, КО Слупчане-вон град, Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на водовод за населено место Опае-резервоар, КО Слупчане-вон град, Општина Липково.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун", Општина Неготино, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун", Општина Неготино.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип 3/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип 3/2023.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Пекљани“, Општина Виница 4/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Пекљани“, Општина Виница 4/2023.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Чардак“, с. Мали Влај, Општина Струга 2/2023 со Тендерска документација за спроведување на постапката, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-глина на локалитетот „Долна Краста-Русино“ Општина Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Макпетрол, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Империјал, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Два бисера, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Амбасадор, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Тино, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Скај корнер 2, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Сити инн, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за

утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор).

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Бистра, Маврово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Спорт, Маврово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Смрча, Маврово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Магнолија ресорт, Пониква-Пробиштип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, (супериор)).

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Глориус, Велес, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор).

## Точка 40

Владата го разгледа Извештајот од Првата седница на Мешовитата македонско-казахстанска комисија за трговско-економска соработка по Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Казахстан за трговско-економска соработка, го усвои и го задолжи Министерството за транспорт и врски до 31 мај 2023 година со казахстанската страна да размени податоци за обемот на транспорт во двете држави, согласно точка 8 од Протоколот од Првата седница на Мешовитата македонско-казахстанска комисија за трговско-економска соработка.

## Точка 41

Владата го разгледа Извештајот од Четвртата седница на Мешовитата комисија по Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Унгарија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна на Република Северна Македонија, најдоцна до 25 мај 2023 година, да формира работна група за склучување на билатерален меморандум за разбирање за академска соработка, со унгарскиот Универзитет за земјоделство и животни науки-MATE и најдоцна до 10 јуни 2023 година да подготви и до Владата да достави информација за динамиката на преземените активности околу склучување на меморандумот.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, преку Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија да ги информира локалните заедници-општините, за тековната програма „Иницијатива за региони за чист воздух"-CARI (за поддршка на општините од Западен Балкан во развој на стратегии за квалитетот на чист воздух) и на заинтересираните општини да им помогне да ги вклучи во истата во текот на 2023 година.

## Точка 42

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

## Точка 43

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности поврзани со Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, како материјал за информирање.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Салим и други против Северна Македонија А.бр.25782/19, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, кои треба да бидат исплатени согласно Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Салим и други против Северна Македонија А.бр.25782/19, најдоцна до 19 мај 2023 година.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Елмазова и други против Северна Македонија А.бр.11811/20 и 13550/20, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, во износ од вкупно 48.000 евра кои треба да бидат исплатени согласно Пресудата на Европскиот суд за човекови права во Елмазова и други против Северна Македонија А.бр.11811/20 и 13550/20, односно на секое домаќинство (согласно табелата) по 1.200 евра во денарска противвредност, најдоцна до 1.6.2023 година.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за извршување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Елмазова и други против Северна Македонија А.бр.11811/20 и 13550/20 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува владиниот агент да формира работна група за целите на извршување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Елмазова и други против Северна Македонија А.бр. 11811/20 и 13550/20, која во составот ќе го вклучи советникот за инклузија на Ромите во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, претставници од Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Општина Штип, Општина Битола, ООУ „Ѓорѓи Сугарев“-Битола и на ООУ „Гоце Делчев“-Штип.

2. Се задолжува владиниот агент да покани, во работната група за целите на извршување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Елмазова и други против Северна Македонија А.бр. 11811/20 и 13550/20, свое учество

да земат и претставници на Народниот правобранител на Република Северна Македонија и претставници на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како и претставници на Советот на Европа во улога на набљудувачи и поддржувачи на процесот.

3. Се овластува владиниот агент по потреба да ја проширува работната група за целите на извршување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Елмазова и други против Северна Македонија А. бр. 11811/20 и 13550/20 со претставници од други институции на Република Северна Македонија, во зависност од активностите и целите потребни за извршување на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Елмазова и други против Северна Македонија А. бр. 11811/20 и 13550/20.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука, за целите на извршување на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Елмазова и други против Северна Македонија А.бр. 11811/20 и 13550/20, да подготви Предлог на закон за изменувања и дополнувања на Законот за основно образование во согласност со барањата од Пресудата на Европскиот суд за човекови права, препораките на Народниот правобранител на Република Северна Македонија и мислењата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во соработка и со помош на Советот на Европа која ќе ја обезбеди и координира Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права и во најитен можен рок да го достави до Владата.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука да подготви план за десегрегација на учениците Роми во ООУ „Ѓорѓи Сугарев“-Битола и во ООУ „Гоце Делчев“-Штип во согласност со барањата од Пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Елмазова и други против Северна Македонија А.бр. 11811/20 и 13550/20 и за целите на нејзино извршување, во соработка и со помош на Советот на Европа, која ќе ја обезбеди и координира Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права и во најитен можен рок да го достави до Владата.

6. Се задолжува Министерството за образование и наука да подготви анализа за состојбите во однос на можна и актуелна сегрегација на ученици по основа на етничка припадност во други основни училишта на територијата на Република Северна Македонија, имајќи ги предвид, но не ограничувајќи се на укажувањата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија во неговата Информацијата за сегрегација на ученици Роми во ООУ „Ѓорѓи Сугарев“-Битола и ООУ „Гоце Делчев“-Штип во учебната 2022/23 година од ноември 2022 година и да ја достави до Владата со евентуални предлог-мерки за надминување на состојбите, најдоцна до крајот на декември 2023 година.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Кузмановска и други против Северна Македонија А.бр.25967/18, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

Финансиските средства во вкупен износ од 60.435 евра да бидат исплатени, согласно Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Кузмановска и други против Северна Македонија А.бр. 25967/19, најдоцна до 19.5.2023 година.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија 2023-2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија за 2023-2025 година.

2. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за надворешни работи, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања, им се укажува на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија и Фондот за иновации и технолошки развој на Република Северна Македонија, а им се препорачува на Град Скопје, Општина Ѓорче Петров, Општина Желино, да номинираат свои претставници во Координативното тело за управување со квалитет во рок од седум дена и номинациите да ги достават до Министерството за информатичко општество и администрација.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја информира Владата еднаш годишно, а најдоцна до крајот на јуни 2023 година за имплементацијата на активностите на Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија 2023-2025 година.

## Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на Република Македонија, Скопје.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Осумнаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 28 април 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да достави до Европската комисија пишан материјал, на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања, за реформите во пензискиот систем насочени кон постигнување одржливост на пензискиот систем, до 19 мај 2023 година.

2. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да достави до Европската комисија пишан материјал, на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања, во однос на планираните вработувања и зајакнувања на капацитетите на Агенцијата, до 19 мај 2023 година.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 6 октомври 2022 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да изработи превод на Фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2023-2025 на англиски јазик и да ја достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања до 30 септември 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за економија да изработи Стратегија за промоција на извозот 2023-2027 на англиски јазик и да ја достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30 септември 2023 година.

3. Се задолжува Министерството за правда да подготви и до 31 декември 2023 година до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик кој ќе вклучува и одредби за понатамошно усогласување со

Директивата на Европската Унија за борба против измама на финансиските интереси на Унијата преку кривично право (ЕУ 2017/1371).

4. Се задолжува Министерството за финансии да подготви информација за клаузулата за исклучоци во член 11, став 2 од Законот за буџети поврзана со структурни реформи на англиски јазик и да ја достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30 септември 2023 година.

5. Се задолжува Министерството за финансии да достави физибилити студија за хибриден стратешки зелен инвестициски фонд и фонд за позеленување бизниси на англиски јазик до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30 септември 2023 година.

6. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестици, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за економија да подготви информација за планираните мерки за намалување на емиграцијата, за привлекување на лицата од дијаспората да се вратат во Република Северна Македонија и за привлекување деловни инвестиции од дијаспората на англиски јазик и да ја достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30 септември 2023 година.

7. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, во соработка со Министерството за економија да подготви информација со краток осврт на спроведените мерки во столбот за инвестиции од Акцискиот план за Заеднички регионален пазар на Западниот Балкан на англиски јазик и да ја достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30 септември 2023 година.

8. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до 31 декември 2023 година до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија.

## Точка 53

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, за наредната седница на Владата.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Еуромедикус ДОО Кривогаштани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Еуромедикус ДОО Кривогаштани.

## Точка 55

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства, по скратена постапка поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Предложената измена во член 1 со која се додава нов став 2 дека "статусот воен инвалид на припадник на безбедносните сили се докажува со уверение издадено од Министерството за труд и социјална политика" е неприфатлива и непотребна, од причина што уверение за статусот и времето поминато како припадник на безбедносните сили издаваат надлежните министерства за внатрешни работи и за одбрана, врз основа на евиденцијата којашто ја имаат за лица кои биле ангажирани од нивна страна.

Како појаснување, за да започне постапка за утврдување на својство на воен инвалид пред Управата за прашања на борците и воените инвалиди, лицата кои сакаат да добијат својство на воен инвалид доставуваат уверение дека биле ангажирани како припадници на безбедносните сили, бидејќи Министерството за труд и социјална политика, односно Управата за прашања на борците и воените инвалиди со такви податоци не располагаат.

Согласно одредбите на Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци, во постапката за признавање на мирновременски воен инвалид, регулирано е дека барањето може да се поднесе најдоцна во рок од пет години од денот на отпуштањето од вооружените (безбедносните) сили, каде настапило оштетување на организмот.

Од причини на апсолутна застареност, затоа што веќе е изминат многу подолг од предвидениот временски период, сите евентуални нови барања како резултат на прифаќање на други предлози од Законот кои би се однесувале на проширување на дефиницијата на семејството, сега и во иднина се беспредметни. Во однос на членот 2 од Предлогот на закон, во однос на одредбите од Законот за семејството се укажува дека согласно член 2 од Законот за семејство „семејството е дефинирано како животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во

заедничко домаќинство". Во членот 179 родителите се должни да ги издржуваат своите малолетни деца. Ако школувањето и стручното образование на децата продолжува и по полнолетството, родителите се должни, понатаму да ги издржуваат децата до редовното завршување на школувањето, но најдоцна до наврштување на 26-годишна возраст. Ако полнолетното лице е неспособно за работа поради болест, физички или психички недостаток, а нема доволно средства за живот и не може да ги добие од својот имот, родителите се должни да го издржуваат додека трае таа неспособност. Согласно член 180 обврската за издржување постои и меѓу други роднини во права линија, како и меѓу браќа и сестри во поглед на издржувањето на малолетните браќа и сестри, а во однос на полнолетните браќа и сестри ако полнолетното лице е неспособно за работа поради болест, физички или психички недостаток, а нема доволно средства за живот и не може да ги добие од својот имот.

Ова не може да предизвика никакви последици за Управата за прашања на борците и воените инвалиди. Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци, во член 17 ги дефинира членовите на семејството на воен инвалид и во нив не спаѓаат предложените „браќа и сестри на припадникот на безбедносните сили."

Од аспект на потребата, можноста и импликациите кои истите би ги предизвикале, особено доколку се прифати членот 5, од предлогот потребно е повторно да се укаже дека постапка за утврдување на било каков инвалидитет пет години по евентуалното настанување е неможно да се направи.

Со членот 3 и членот 4 од Предлогот на закон се предвидува ослободување од надоместок за возило патарина за припадниците на безбедносните сили од членот 2 на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства, како и постапка за нивно ослободување.

Согласно член 66 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 187/13, 42/14, 187/13, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 3/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21) од плаќање на патарина за време на служба се ослободуваат:

1) возила со полициска придружба и

2) видливо означени возила на Армијата на Република Северна Македонија, полицијата, Царинската управа на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие, итната медицинска помош, Црвениот крст на Република Северна Македонија, противпожарните служби, Државниот инспекторат за транспорт, Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување, Јавното претпријатие за одржување и

заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонија пат"-Скопје и погребалните возила.

Од плаќање на патарина се ослободуваат возилата на потполно глуви лица со потврда за членство од Националниот сојуз за глуви лица, на лица заболени од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа (полиомиелитис), слепите лица со оштетување на видот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Во возилата на лицата од ставот (2) на овој член треба да има членски книшки издадени од надлежните здруженија, потпишани и заверени од страна на Јавното претпријатие, со која се потврдува нивното ослободување од плаќање патарина.

Со оглед на тоа дека наплатата на патарина како и ослободувањата од плаќања на патарина се изречно утврдени и регулирано со Законот за јавните патишта (Законот за јавните патишта е lex specialis) и истиот не упатува на примена на други закони по однос на ова прашање, се смета дека ослободување на возила од плаќање на патарина не може да биде регулирано во друг закон. Доколку се утврди потребата од ослободување од плаќање патарина на оваа категорија на лица/ возила, ќе биде потребно да се пристапи кон измена на Законот за јавни патишта и истото да се предвиди во овој закон.

Се истакнува дека се поддржува потребата за надминување на проблемите во остварување на правата на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и се смета дека треба да се подготви нов закон, со кој сеопфатно ќе бидат предвидени сите воочени пропусти во примената на постојниот закон, со што ќе се надминат сите проблеми со кои се соочуваат припадниците на безбедносните сили при имплементацијата на истоимениот закон и поради тоа се дава негативно мислење по Предлогот на закон.

Со членот 5 од предметниот Предлог на закон, се предвидува можност за припадниците на безбедносните сили односно воените инвалиди, правото на паричен надоместок (утврден во членот 12 од Законот) кој го немаат искористено до денот на влегување во сила на овој закон, а кај кои има настапено оштетување на нивниот организам и претрпени душевни болки, да го искористат со денот на влегување во сила на предложениот закон, како еднократен паричен надоместок, кој за настанат траен инвалидитет се исплаќа во износ од 60.000 денари за 1% настапен инвалидитет. Воедно, со истиот член, за семејството на загинат или починат припадник на безбедносните сили, кој до денот на влегување во сила на овој закон го нема искористено правото на еднократен паричен надоместок за претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства, со денот на влегување во сила на

овој закон се предвидува право на паричен надоместок од 600.000 денари со поднесување на барање до Министерството за внатрешни работи, односно Министерството за одбрана.

Согласно член 12 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/02, 17/03, 30/04 и 66/07 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/21), семејството на загинат или починат припадник на безбедносните сили има право на еднократен паричен надоместок за претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице, во висина од 40 просечни плати остварени во Република Северна Македонија во месецот кога настапила смртта на припадникот на безбедносните сили. Барање за остварување на правото се поднесува до Министерството за одбрана, односно до Министерството за внатрешни работи. Семејството на загинат или починат припадник на безбедносните сили кое остварило право на еднократна парична помош во случај на смрт односно загинување на граѓани во извршување на должности во одбраната согласно со Законот за одбрана или еднократен надоместок во случај на смрт на вработен во Министерството за внатрешни работи, согласно со Законот за внатрешни работи, има право само на разлика до висината на еднократниот паричен надоместок.

Се укажува дека на припадниците на безбедносните сили, како и на членовите на нивните семејства, покрај правата што ги уживаат, согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства им припаѓаат и правата од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/96 и 31/16).

Во контекст на наведеното се предлага да се преоцени содржината на членот 5 од предметниот Предлог на закон, со оглед на фактот што дел од припадниците на безбедносните сили, веќе имаат остварени права за нематеријална штета по судски пат, вработување на член/членови на семејството на загинатите припадници на безбедносните сили на Република Северна Македонија, како и доделување на стан од Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија.

Воедно се укажува дека членот 5 од Предлогот на закон, правото на еднократниот паричен надоместок го утврдува во прецизен износ, меѓутоа согласно членовите од 182 до 186 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 78/01, 4/02, 59/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/20 и 215/21), каде е регулирана материјалната штета, односно согласно член 190 од истиот закон, каде е регулирана нематеријалната штета, износот на штетата се досудува во зависност

од околностите на случајот, како и степенот на настапеното оштетување на организмот.

Во тој контекст, Владата на Република Северна Македонија упатува на досегашната пракса, согласно која во одредени случаи на припадниците на безбедносните сили и нивните семејства, во судски постапки, досуден е многу повисок паричен износ на име материјална и нематеријална штета.

## Точка 56

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордана Цутеска од Охрид, доставено под И.бр.62/2021, за Налог за извршување врз недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.60582 и Имотен лист бр.60578, за КО Охрид 3 и по истото ги усвои Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Известувањето на Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство.

## Точка 57

Владата ги разгледа Заклучокот за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), Заклучокот за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување, Записникот за продажба на недвижност со усно јавно надавање (врз основа на член 186 став (4) од Законот за извршување) од 20.4.2023 година, со докази од извршител Методија Костадинов од Скопје, доставени под И.бр.41/18, врз основа на кои се нуди право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште кое се наоѓа на КП бр.147 дел-51 и КП бр.147 дел-45, КО Злокуќани, евидентирано во Имотен лист бр.6459 и по истите ги усвои мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 58

1. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да ги избере:

за претседател на Комисијата за хартии од вредност:
-Нора Алити, (професионално ангажиран член)

За комисионери членови на Комисијата за хартии од вредност:

-Васко Пејков, (професионално ангажиран член)
-Зоран Колев, надворешен комисионер (член)
-Кирил Јовановски, надворешен комисионер (член)
-Деан Стојановски, надворешен комисионер (член)

2. Владата го разреши Ванчо Санев од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Штип.

2.1 Владата ја именува Рената Донева за вршител на должноста заменик на директорот на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Штип и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата од должноста членови на Националниот совет за културно наследство ги разреши:

-проф. д-р Меџаит Положани
-д-р Муртезан Идризи
-м-р Анета Таневска и
-Маја Чанкуловска-Михајлова

3.1 Владата за членови на Националниот совет за културно наследство ги именува:

-проф. д-р Сашо Цветковски, дополнителен член на Македонската академија на науките и уметностите, Истражувачки центар за културно наследство „Цветан Грозданов“ при Македонската академија на науките и уметностите
-д-р Емилија Апостолова-Чаловска, д.и.а
-Вера Атанасовска, виш конзерватор-археолог, Национална установа Конзерваторски центар-Скопје
-д-р Бехиџудин Шехаби, државен советник

<u>Точка 59</u>

**1.** Владата на барање на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, а во врска со предлогот за укинување на задолжителната излезна виза на граѓаните на Република Северна Македонија поради патување на аџилак во Саудиска Арабија, го задолжи Министерството за надворешни работи за наредната редовна седница на Владата, да достави соодветен предлог за укинување на задолжителната излезна виза.

**2.** Владата по Барањето за разрешување и именување на нови членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија, со Предлог-решение го донесе Решението за изменување на Решението за именување на претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија УНЕСКО на Република Северна Македонија.

**3.** По повод укажувањето на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции за потребата од избор на адвокатска куќа која ќе ја застапува Република Северна Македонија пред Меѓународниот арбитражен

суд, Владата го задолжи Министерството за здравство, за наредната седница на Владата, да подготви и да достави информација со конкретни предлог-заклучоци.

**4.** Владата го одложи од разгледување Барањето за изменување на заклучок од Нацрт-записникот од Сто триесет и осмата седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 март 2023 година, за наредната седница на Владата.

**5.** Владата го задолжи Министерството за финансии да подготви и на наредната седница на Владата, да достави информација дали ќе продолжи рокот на важење на мерките за фискална консолидација донесени со заклучоците од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 октомври 2023 година, точка 1-План за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори, со Прилог.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 27 април 2023 година до 30 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 27 април 2023 година до 3 мај 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење

со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 4 мај 2023 година до 10 мај 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата, по повод одбележување на државниот празник 24 Мај-Ден на сесловенските просветители, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди владина делегација за одбележување на државниот празник 24 Мај-Ден на сесловенските просветители во градот Охрид.

2) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да се вклучат во организациските активности за настанот и да ги покријат трошоците.

3) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да ја обезбеди делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 27 април 2023 година до 30 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Талески против Северна Македонија А.бр.77796/17 и пет други апликации, како материјал за информирање.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за тековен предмет пред Европскиот суд за човекови права Вера Иванова против Република Северна Македонија, А.бр.15313/19, како материјал за информирање.

## Точка 62

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата го разгледа Извештајот за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати за период од 27 јули 2022 година до 27 јануари 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на инспекциските служби за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Првиот збирен извештај за постапувањето по Законот за заштита од пушењето, за периодот септември-декември 2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за здравство да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави соодветен предлог за изменување/дополнување на Законот за заштита од пушењето, во насока на давање можност на сите инспекторати кои имаат ингеренции над спроведувањето на овој закон да можат да издаваат прекршочни платни налози.

**Точка 69**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2022 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје за Фондот за развој за 2022 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје за работењето на Гарантниот фонд за 2022 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје за субвенционирање на камата по кредити дадени од деловните банки на компании кои ја реинвестираат добивката, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови и Ковид 2 кредитната линија, за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија) и за износот и бројот на одобрени кредити како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија), како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за работата на Геолошки завод на Република Северна Македонија за 2022 година.

**Точка 75**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за основни геолошки истражувања за 2022 година.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за нарушена безбедносна состојба на Казнено-поправната установа Идризово, ја усвои и ги задолжи Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација, со највисок приоритет да го разгледаат и да го одобрат барањето за вработување на 100 припадници на затворската полиција во КПД Идризово и во соработка со Министерството за правда да утврдат соодветна динамика за реализација на потребните вработувања.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за подобрување на процесите, безбедноста, организацијата и состојбите во основните и средните училишта во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува и препорачува на сите основни и средни училишта преку општините/Град Скопје да формираат стручни тимови на ниво на секоја од општините/Град Скопје во соработка со стручните служби на меѓуопштинските центри за социјална работа, на кои фокус на работа ќе им бидат разговори поединечно со секое дете/ученик во училиштето.

2. Се укажува на Државниот совет за превенција на детско престапништво да достави информации за работата и колку општински совети за превенција се опфатени, а во следниот период да ја засили комуникацијата со Министерството за образование и наука во насока на преземање активности за градење на клима на доверба и добросостојба во училиштата, односно да се засилуваат превентивните мерки. Во активностите на општинските совети за превенција да се предвиди вклучување на Сојузот на средношколци.

3. Се укажува и препорачува на сите основни и средни училишта во Република Северна Македонија да одржат состаноци со сите родители на тема подобрување на процесите, безбедноста, организацијата и состојбите во основните и средните училишта во Република Северна Македонија. Воедно на истите состаноци е потребно да се отвори темата дали се потребни училишни униформи како кодекс на облекување на учениците, родителите да се запознаат со етичкиот кодекс на наставниците како и да се размисли за надополнување на постоечките кодекс со правила за облекување на наставниот кадар и стручните служби, исто така. потребно е на овие состаноци родителите да се потсетат за законските обврски кои произлегуваат од Законот за семејството и Кривичниот законик во делот на

одговорностите при извршување на родителското право. Училиштата е потребно да го известат Министерството за образование и наука за присутноста од страна на родителите на овие состаноци. Воедно е потребно да се организираат состаноци на сите нивоа во училиштата со цел запознавање на Предлог-активностите за поттикнување на отворен разговор и клима на поддршка во училиштата на краток рок до крајот на наставната година (Прилог Предлог-активности).

4. Се укажува и препорачува на општините/Град Скопје во координација со училиштата да ги следат следните препораки:

● во кризни ситуации кои влијаат врз добросостојбата и менталното здравје на учениците од исклучителна важност е училиштето да остане безбедно место во кое тие ќе најдат разбирање, одговори и поддршка за да ги надминат предизвиците, да ги унапредат своите социо-емоционални компетенции и да ја зајакнат психолошката отпорност;

● стручните соработници и целиот наставен кадар, се исто така засегнати од ваквите ситуации. Подготовка на оваа тема е потребна на сите нивоа во училиштето, за да може да се обезбеди адекватна поддршка на учениците и нивните родители;

● приоритетна цел на разговорите во училиште треба да биде смирување на несигурноста и чувството на безбедност во училиштето. Поради неодамнешниот дијалог околу насилството, жртвите и извршителите, постои ризик учениците да развијат несигурност кон себе или кон своите врсници и предолго да останат во состојба на вознемиреност и чувство на непосредна опасност и токму тоа треба да се адресира на афирмативен начин.

5. Се укажува и препорачува на општините/Град Скопје да ги задолжат директорите на основните и средни училишта да направат организација и протокол за начинот на користење на мобилните телефони на учениците и наставниците за време на часовите и во просториите на училиштата. Користење на мобилните телефони во училниците потребно е да се ограничи со цел да се поттикне дискусија, размена на идеи, отворени разговори, фокусирање на содржината на учење и друго.

6. Се задолжува Министерството за образование и наука, во соработка со Бирото за развој на образованието да изготват листа на ресурси кои ќе се дискутираат на одделенски/класен час од страна на класните раководители со децата/учениците за унапредување на добросостојбата на учениците (Прирачници за животни вештини, Програмата за психосоцијална помош и поддршка во унапредување на добросостојбата и менталното здравје на децата и младите во образовните, здравствените и згрижувачките институции и средини и други).

7. Се укажува и препорачува на општините/Град Скопје, согласно законската легислатива во рамки на новата Годишна програма за работа на училиштата да се

развијат и дополнително зајакнат превентивни програми за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација, соработка со родителите односно старателите, но и други активности согласно со приоритетите на училиштето за негување на безбедна клима за учење и развивање. Активностите во промотивно-превентивната програма на училиштето треба да бидат насочени кон: развивање на социо-емоционални вештини и компетенции за психолошка добросостојба и резилиентност кај учениците и вработените; практикување холистички пристап за развој на здраво и позитивно опкружување во целокупната училишна средина, вклучувајќи соработка со родителите и заедницата; преземање соодветни активности за учениците под зголемен ризик, зајакнување на нивните социо-емоционални вештини и намалување на ризикот од развој на ментални нарушувања, вклучително анксиозно-депресивни нарушувања, насилство и суицидалност.

8. Се укажува и препорачува на општините/Град Скопје да ги задолжи директорите на училиштата да обезбедат континуирано непречени услови стручните соработници да се фокусираат на училишната клима, грижата за менталното здравје и добросостојбата на учениците.

9. Се укажува и препорачува на општините/Град Скопје да ги задолжи директорите на училиштата да обезбедат просторни услови за стручните соработници со цел да бидат отворени за учениците и доколку имаат потреба да закажат тет-а-тет средба со својот училишен психолог.

10. Се задолжува Министерството за образование и наука да формира работна група составена од стручни соработници во основните и средните училишта, ученици-претставници на Сојузот на средношколци, универзитетски професори, Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат, чија задача ќе биде креирање на протокол за советодавна работа при обезбедување поддршка за психосоцијално и ментално здравје на учениците во основните и средни училишта.

## Точка 78

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Градиште“, Општина Струга и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 79

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за инвестирање во животната средина за 2023 година.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за Иницијативата на Министерството за здравство за аплицирање за грант од Фондот за пандемии и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат министерот за здравство и министерот за финансии да го потпишат писмото кое е составен дел на апликацијата за грант од Фондот за пандемии.

2. Се задолжува директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство да го потпише писмото кое е составен дел на апликацијата за грант од Фондот за пандемии.

3. Се задолжува директорот на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија да го потпише писмото кое е составен дел на апликацијата за грант од Фондот за пандемии.

4. Се задолжува Министерството за здравство да ја поднесе апликацијата за грант од Фондот за пандемии.

## Точка 81

Владата ја разгледа Финалната информација за произнесување на Владата на Република Северна Македонија за престанок на интерес да биде сосновач на мешовита установа-Приватна здравствена установа-Градска аптека 8 Март п.о. Делчево, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Утврди дека престанува нејзиниот интерес да биде сосновач на Приватната здравствена установа-Градска аптека 8 Март п.о. Делчево.

2. Ја донесе Одлуката за продажба на удел во Приватна здравствена установа-Градска аптека 8 Март п.о. Делчево со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Се задолжува Министерството за економија во рок од три дена по денот на влегувањето во сила на Одлуката за продажба на удел во Приватна здравствена установа-Градска аптека 8 Март п.о. Делчево, да достави до останатите тројца сосновачи на Приватната здравствена установа-Градска аптека 8 Март п.о. Делчево понуда за продажба на уделот од 10,85% во сопственост на Владата на Република Северна Македонија, со барање за произнесување со писмен одговор во рок од пет дена од денот на добивањето на понудата.

4. Се задолжува Министерството за финансии во рок од пет дена да го извести Министерството за економија за сметката каде треба да се уплатат средствата од продажбата на уделот.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на средствата предвидени во буџетот на Министерството за култура за 2023 година, за капитални дотации до единици на локална самоуправа, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 83**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 25 став (1) точка 10) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 151/21), поднесено од пратеникот Арбен Зибери и притоа го утврди следното мислење:

Со Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 151/21), се уредува начинот на оданочувањето со данокот на имот, данок на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности, согласно кои утврдување и наплата на даноците на имот врши општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје на подрачјето на општината каде што се наоѓа имотот.

Согласно член 19 од Законот, на остварениот промет на недвижности се плаќа данок на промет на недвижности. Под промет на недвижности, во смисла на овој закон се смета преносот со и без надоместок на правото на сопственост како и друг начин на стекнување на недвижноста со и без надоместок меѓу правни и физички лица. Обврзник на данокот на промет на недвижности е правно и физичко лице-продавач на недвижноста. По исклучок, обврзник на данокот на промет на недвижности може да биде правно лице и физичко лице-купувач на недвижноста, доколку во договорот за купопродажба на недвижноста е договорено данокот да го плати купувачот.

Согласно член 23 став (1) од Законот, даночната обврска за данокот на промет на недвижности настанува со денот на склучувањето на договорот за пренос на правото на сопственост на недвижноста, односно на замена на недвижности.

Според член 25 став (1) точка 10) од Законот, данок на промет на недвижности не се плаќа при вложување на недвижности во капиталот на трговските друштва.

Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 16 мај 2019 година, даде автентично толкување на одредбата на член 25 став (1) точка 10) од Законот за даноците на имот, според кое: „Одредбата од член 25 став (1) точка 10) од Законот за даноците на имот треба да се толкува така што, кога се спроведува

статусна промена како присоединување, спојување и поделба на Друштвото со која се врши и пренос на имот (недвижност) во капиталот на друштвата, овој пренос се смета за вложување на недвижности во капиталот на трговските друштва со што даночните обврзници се ослободени од плаќање на данок на промет на недвижности.“.

Со оглед на тоа што во пракса се појави потребата за дообјаснување и допрецизирање на оваа одредба, дополнително известуваме дека Законот за даноците на имот, односно данокот на промет на недвижности исклучиво ја следи промената на сопственост (прометот) на недвижниот имот.

Оттука, врз основа на претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека ослободувањата пропишани во член 25 став (1) член 10) од Законот на даноците на имот, покрај на вложувањата настанати при статусни промени, се однесуваат и на останатите вложувања на недвижности во капиталот на трговското друштво, при што за вложување во капиталот на Друштвото се смета и вложување на недвижен имот во постапка на зголемување на основната главнина на Друштвото.

## Точка 84

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Краста“, с.Бороец, Општина Струга и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлука за предавање на недвижност-земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за предавање на недвижност-земјиште во владение на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да врши процена на ситуацијата, асистенција и обезбедување при вршење на градежните зафати, доколку се појави потреба при извршување на Одлуката за предавање на недвижност-земјиште во владение на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата за Четвртиот самит на Советот на Европа, на 16 и 17 мај 2023 година во Рејкјавик, Исланд и пристапување на Република Северна Македонија кон Проширената парцијална спогодба за Регистар на штети предизвикани од агресијата на Руската Федерација врз Украина и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи, преку Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Советот на Европа во Стразбур, соодветно да го извести генералниот секретар на Советот на Европа за намерата за пристапување на Република Северна Македонија кон Проширената парцијална спогодба за Регистар за штети предизвикани од агресијата на Руската Федерација врз Украина.

2. Се определува д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, во име на Република Северна Македонија да ја потпише Декларацијата за поддршка на Проширената парцијална спогодба за Регистар за штети предизвикани од агресијата на Руската Федерација врз Украина, за време на четвртиот Самит на Советот на Европа, кој ќе се одржи на 16 и 17 мај 2023 година во Рејкјавик, Исланд.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за постапките за запишување на гасоводниот систем во јавната книга за запишување на правата на недвижности и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост, да достави барање до Министерството за транспорт и врски за промена на барател во постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-линиска инфраструктурна градба (магистрален гасовод Деве Баир-Скопје и разводните гасоводи кон Крива Паланка, Гиновци, Кратово, Куманово, Скопје-Север и Скопје-Југ).

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да постапи по Барањето за промена на барател од Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја продолжи постапката за утврдување на правен статус на бесправно изградениот објект и да донесе одлука/решение, во име на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост, врз основа на која Линискиот инфраструктурен објект: Магистрален гасовод Деве Баир-Скопје и разводните гасоводи кон Крива Паланка, Гиновци, Кратово,

Куманово и Скопје, ќе се запише со право на сопственост на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост, во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од нов деловен простор по пат на долготраен закуп за непречено вршење на дејноста на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Северна Македонија, со дополнувањето, ја усвои Информацијата и го задолжи Акционерско друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Северна Македонија да ги преземе потребните активности за отпочнување на постапка за обезбедување на деловно-административен простор на Друштвото по пат на закуп.

## Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на Шеесеттата годишнина од катастрофалниот земјотрес во Скопје (26.7.1963-26.7.2023 година), ја усвои и го задолжи Министерството за култура, да конципира посебна програма со конкретни активности, содржини, локации и со детално утврдени носители (установи во надлежност на Министерството) активности, учесници, како и вкупен буџет за реализација на Програмата и во рок од две недели истата да ја достави до Владата.

## Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од ставање налепници со „НМК“ ознака на регистарските таблици, ја усвои и го задолжи Министерството за внатрешни работи, во рок од пет дена, да изготви Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на образецот на Барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката на нивно издавање.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата за потребни финансиски средства за исплата на плата и обврски кон добавувачи за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за април, мај и јуни 2023 година и ја усвои со следниот заклучок:

-Се задолжува Министерството за транспорт и врски од сопствениот буџет за 2023 година, Програма Д-Економски развој, Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура да обезбеди финансиска помош во износ од

100.000.000,00 денари за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**